СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно на хрватскосрпски, словенечки и македонски јазик — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство за претплата, посебни изданија и огласи 602-3-291

Среда, 10 август 1966

БЕЛГРАД

БРОЈ 32 ГОД. XXII

Цена на овој број е 0,9 (90) дин. — Претплата за 1966 година изнесува 38 (3.800) дин — Редакција: Улица Јована Ристића бр. 1. Пошт. фах 226 — Телефони: централа 50-931 50 932 50-933 и 51-661; Служба за претплата 51 732 и Продавница служба 51 671

419.

Врз основа на членот 38 став 5 од Законот за патните исправи на југословенските државјани („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/65 и 28/66), Сојузниот извршен совет донесува

УРЕДБА
ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ ВИЗИ

Член 1

Со оваа уредба се определуваат услови за издавање визи на југословенски државјани за едно патување, повеќе патувања или неограничен број патувања од Југославија во странство односно од странство во Југославија.

Како едно патување од Југославија во странство односно од странство во Југославија се подразбира патување при кое државната граница се минува еднаш во обата правца.

Член 2

Надлежниот орган на внатрешните работи им издава визи на југословенски државјани што ги исполнуваат условите утврдени со Законот за патните исправи на југословенските државјани, и тоа:

а) виза за едно патување:

1) на имател на патна исправа кој има намера да изврши едно патување во странство;

2) на имател на патна исправа кој патува во странство заради постојан престој;

3) на заеднички пасош за лицата што го користат тој пасош за патување во странство;

б) виза за повеќе патувања, а најмногу до шест патувања — на имател на патна исправа кој има намера во рокот на важењето на визата да изврши повеќе патувања во странство;

в) виза за неограничен број патувања:

1) на имател на патна исправа кој по работите на државен орган, работна или друга организација треба почесто да патува во странство;

2) на имател на патна исправа кој патува: на привремена работа во странство; во посета на свои роднини, а има живеалиште на територијата на општина што е покрај државната граница; на меѓународни собири, симпозиуми и други состаноци;

3) на имател на патна исправа кој патува во земја за чии државјани Југославија ги укинала визите.

Член 3

Дипломатското или конзуларното претставништво на Југославија во странство им издава визи на југословенски државјани што ги исполнуваат условите утврдени со Законот за патните исправи на југословенските државјани, и тоа:

1) виза за едно патување, повеќе патувања или неограничен број патувања — на имател на патна исправа кој постојано престојува во странство;

2) виза за едно патување — на имател на патна исправа кој привремено престојува во странство.

На југословенски државјанин кој има патен лист или друга патна исправа со која се враќа во Југославија, дипломатското или конзуларното претставништво на Југославија во странство ќе му издаде само влезна виза.

Член 4

Ако подносителот на барањето ги исполнува условите од чл. 2 и 3 на оваа уредба, надлежниот орган ќе издаде виза за број патувања што е назначен во барањето за издавање виза.

Член 5

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 58
25 јули 1966 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

420.

Врз основа на членот 228 точка 6 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА ОТВОРАЊЕ КОНЗУЛАТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕЈКЈАВИК ВО РЕПУБЛИКА ИСЛАНД

1. Се отвора Конзулат на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Рејкјавик, во Република Исланд.

2. Државниот секретар за надворешни работи ќе преземе потребни мерки за извршување на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 61
29 јули 1966 година
Белград

Сојузен извршен совет

Го заменува претседателот
Потпретседател,
Борис Крајгер, с. р.

421.

Врз основа на членот 46 од Законот за општествената контрола на цените („Службен лист на ФНРЈ", бр. 30/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65 и 57/65), Сојузниот извршен совет донесува

О Д Л У К А

ЗА МИНИМАЛНАТА ОТКУПНА ЦЕНА ЗА ГРОЗЈЕ

1. Стопанските организации што се занимаваат со промет или преработка на грозје ќе го купуваат грозјето од стопанските организации или установи што произведуваат грозје сами или во кооперација со индивидуални производители, по цени кои не можат да бидат пониски од:

за сортите:	Квалитет	Дин./кг
1) смедеревка и пламенка	екстра	1,10
	I	0,90
2) јулски мускат, кралица на лозјата, кардинал, бело зимско, дренкови, мадлен анжевин, перлета, дамјат, томсонов сеанец, панс прекоч, италија, александриски и други мускати, афусали	екстра	1,50
	I	1,30

2. Цените од точката 1 на оваа одлука се подразбираат за 1 килограм грозје чиј квалитет му одговара на квалитетот пропишан во Правилникот за квалитетот на овошјето, зеленчукот и печурките и производите од овошје, зеленчук и печурки („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/64 и 25/65).

3. Цените од точката 1 на оваа одлука се подразбираат франко магацин, вагон, шлеп или друго превозно средство во местото на продавачот, по избор на купувачот, а сортирано и пакувано во амбалажа на купувачот.

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 67
30 јули 1966 година
Белград

Сојузен извршен совет

Го заменува претседателот
Потпретседател,
Борис Крајгер, с. р.

422.

Врз основа на членот 63 став 2 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/66), Сојузниот извршен совет донесува

О Д Л У К А

ЗА УСЛОВИТЕ ШТО ДЕЛОВНИТЕ БАНКИ МОРААТ ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ЗА ВРШЕЊЕ ДЕВИЗНИ РАБОТИ

1. Деловната банка може да се занимава со девизно-валутни работи во Југославија ако располага со девизни средства во износ од најмалку 5 милиони динари во кредитниот фонд.

2. Деловната банка може, покрај работите од точката 1 на оваа одлука, да се занимава и со платен промет и кредитни работи со странство ако располага со девизни средства во износ од најмалку 25 милиони динари во кредитниот фонд и ако има деловни односи со работни организации што преку таа банка остваруваат во една година девизен промет во вкупен износ од најмалку 1 милијарда динари.

Деловната банка од ставот 1 на оваа точка може да воспоставува контокорентни односи со банките во странство под услов претходно да му го пријави тоа на Народната банка на Југославија.

3. Банката од точката 1 на оваа одлука може да врши работи на платен промет со странство ако за тоа склучи договор со овластената банка од точката 2 на оваа одлука.

4. Исполнувањето на условите од точ. 1 и 2 на оваа одлука го утврдува Народната банка на Југославија и за тоа на деловната банка ѝ издава потврда и таа да го запише во регистарот дополнението на предметот на своето работење.

5. Деловните банки можат, со претходно привремено овластување од Народната банка на Југославија, да се занимаваат со работите од точ. 1 и 2 на оваа одлука и пред исполнување на пропишаните услови, ако на Народната банка на Југославија ѝ поднесат изјава дека делумно ги исполнуваат условите определени во точката 1 односно точката 2 на оваа одлука и дека се обврзуваат дека наполно ќе ги исполнат овие услови во рок од една година.

Народната банка на Југославија може и пред истекот на рокот од една година да го повлече даденото привремено овластување ако врз основа на податоците за височината на остварениот кредитен фонд во девизни средства и за извршениот девизен промет, утврди дека деловната банка не ќе може да ги исполни пропишаните услови од оваа година.

Ако деловната банка во рок од една година не го исполни во целина условот од точката 2 на оваа одлука во поглед обемот на девизниот промет, Народната банка на Југославија може, во согласност со Сојузниот секретаријат за финансии, на таа деловна банка да ѝ издаде потврда од точката 4 на оваа одлука ако тоа го бараат потребите од развивање на надворешнотрговската размена на одделни подрачја на Југославија или надворешнотрговската размена со одделни странски земји.

6. Технички упатства за примена на оваа одлука донесува, по потреба, Народната банка на Југославија.

7. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1967 година.

Р. п. бр. 64
30 јули 1966 година
Белград

Сојузен извршен совет

Го заменува претседателот
Потпретседател,
Борис Крајгер, с. р.

423.

Врз основа на членот 26 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/66), Сојузниот извршен совет донесува

О Д Л У К А

ЗА МЕРИЛАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ КОИ СТОПАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ СЕ СМЕТААТ КАКО ПРЕТЕЖНИ ИЗВОЗНИЦИ

1. Производителските стопански организации и стопанските организации на услужните дејности, освен трговските, што во вршењето на својата дејност во текот на една календарска година ќе извршат наплата на извоз на стоки односно услуги во девизи што се од значење за одржувањето на ликвидноста во меѓународните плаќања, а чија динарска противвредност изнесува над 51% од нивната вкупно наплатена реализација, се сметаат како претежни извозници во смисла на членот 26 од Законот за девизното работење.

Како наплата во девизи, во смисла на ставот 1 од оваа точка, се смета и наплата извршена во

динари која според важечките прописи се смета како наплата во девизи.

2. Исполнувањето на условот од точката 1 на оваа одлука го утврдува секоја година, на барање од стопанска организација, овластената банка кај која стопанската организација има сметка во девизи, а врз основа на своите податоци и податоците на стопанската организација за динарската противвредност на остварените девизи и вкупно наплатената реализација од завршната сметка на стопанската организација за претходната година.

3. Стопанските организации од точката 1 на оваа одлука можат да вршат плаќање на суровини и други репродукциони материјали што ги увезуваат за своите потреби, до височината на износот и во оној вид девизи со кои располагаат на својата сметка кај овластената банка.

На плаќањата што ги вршат стопанските организации од точката 1 на оваа одлука се применуваат само ограничувањата предвидени за стоките што се увезуваат во границите на стоковниот контингент или врз основа на увозна дозвола.

Стопанските организации од точката 1 на оваа одлука не можат да учествуваат во распределбата на девизниот контигент.

4. Стопанските организации од точката 1 на оваа одлука врз основа на договор со овластената банка преземаат обврска дека со реализацијата на својот извоз ќе ги исполнат условите од точката 1 на оваа одлука, во годината за која се склучува договорот.

5. Стопанските организации од точката 1 на оваа одлука можат да се здобијат со својство на претежен извозник од 1 јануари 1967 година врз основа на податоците од точката 2 на оваа одлука што се однесуваат на периодот од 1 октомври 1965 година до 30 септември 1966 година.

6. Народната банка на Југославија ќе донесе технички упатства за примена на оваа одлука.

7. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1967 година.

Р. п. бр. 65
30 јули 1966 година
Белград

Сојузен извршен совет

Го заменува претседателот
Потпретседател,
Борис Крајгер, с. р.

424.

Врз основа на членот 16 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/66), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДЕЛОТ НА ДЕВИЗИТЕ ШТО РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ МОЖАТ ДА ГИ КОРИСТАТ ВО СМИСЛА НА ЧЛ. 16 и 17 ОД ЗАКОНОТ ЗА ДЕВИЗНОТО РАБОТЕЊЕ

1. Работните организации што ќе остварат девизи со извоз на стоки и услуги можат од наплатените девизи да користат 7% за целите предвидени во чл. 16 и 17 на Законот за девизното работење.

2. По исклучок од одредбата на точката 1 од оваа одлука, од девизите наплатени со извоз на следните производи односно услуги, работните организации можат да користат, и тоа:

1) од девизи наплатени за извоз на машини и уреди од гранката 117-00 и 119-00 и фармацеутски производи — — — — — 10%;

2) од девизи наплатени за извоз на друмски моторни возила и трактори — — 12%;

3) од девизи наплатени за вршење угостителски услуги — — — — — — — 20%.

3. Процентите на девизите од точ. 1 и 2 на оваа одлука се зголемуваат во текуштата година, и тоа:

1) за 20% — ако во изминатата година работните организации наплатиле девизи чија динарска противвредност во однос на вкупно наплатената реализација од таа година изнесува од 21% до 30%;

2) за 40% — ако во изминатата година работните организации наплатиле девизи чија динарска противвредност во однос на вкупно наплатената реализација од таа година изнесува од 31% до 40%;

3) за 60% — ако во изминатата година работните организации наплатиле девизи чија динарска противвредност во однос на вкупно наплатената реализација од таа година изнесува од 41% до 50%;

4) за 80% — ако во изминатата година работните организации наплатиле девизи чија динарска противвредност во однос на вкупно наплатената реализација од таа година изнесува од 51% до 60%;

5) за 100% — ако во изминатата година работните организации наплатиле девизи чија динарска противвредност во однос на вкупно наплатената реализација од таа година изнесува над 61%.

4. На работните организации од точ. 1 и 2 на оваа одлука што ќе остварат динарска противвредност на девизи наплатени во изминатата година во износ под 21% од вкупно наплатената реализација во таа година, а кои во текуштата година ќе наплатат износ на девизи поголем за 10 до 25% во однос на изминатата година, се зголемуваат во таа година од точ. 1 и 2 на оваа одлука за 25%. Ако е зголемувањето на наплатата на девизи над 25% во однос на изминатата година, процентите од точ. 1 и 2 на оваа одлука се зголемуваат за 50%.

5. Во основицата за пресметување на процентите од оваа одлука и за примена на пресметаните проценти влегува и реализацијата во динари која според важечките прописи се смета како наплата во девизи.

6. Основица за пресметување на процентите од точката 3 на оваа одлука сочинуваат вкупно наплатената реализација според податоците од завршните сметки на работните организации за изминатата година и износите на девизите наплатени во изминатата година според податоците на овластените банки и работни организации.

Основица за пресметување на процентите од точката 4 на оваа одлука сочинуваат износите на девизите наплатени во изминатата и текуштата година според податоците на овластените банки и работни организации.

Процентите од точ. 3 и 4. на оваа одлука ги утврдува, за секоја година посебно, на барање на работна организација, овластената банка кај која оваа организација има сметка во девизи.

7. Работните организации на кои според точ. 3 и 4. на оваа одлука им припаѓа зголемен процент девизи имаат право од овластената банка да купуваат девизи ако немаат девизи на својата сметка кај банката, до износот кој во смисла на оваа одлука им припаѓа.

8. По исклучок од одредбите на точ. 1 до 4 на оваа одлука, работните организации што извезуваат стоки и услуги од оваа точка можат од наплатените девизи да користат за целите предвидени во чл. 16 и 17 на Законот за девизното работење, и тоа:

1) од девизи наплатени за услуги на приредување меѓународни саеми — — — 20%

2) од девизи наплатени за услуги на застапување странски фирми со продажба на поштенски марки за филателистички цели и за услуги на објавување огласи — 50%

3) од девизи наплатени за услуги на туристичко посредување (туристички претпријатија и туристички бира) и од извоз на производи од гранката 312-00 (лов) — — 60%

4) од девизи наплатени за графички и издавачки услуги, со продажба на домашни филмови, книги и списанија, домашен печат, музички ноти и грамофонски плочи 100%

Работните организации што изведуваат инвестициони работи во странство можат да го користат

нето приливот на девизи што го остварile со таа дејност во височина од 100%.

Сите видови установи можат да ги користат девизите што ќе ги наплатат со вршење на својата дејност во височина од 100%.

9. Работните организации ги користат девизите во смисла на оваа одлука во оној вид девизи што го остварile.

10. Право на располагање со девизи по процентите од оваа одлука имаат работните организации за чија сметка се остварува извозот на стоки и услуги.

11. Девизните средства остварени според одредбите на оваа одлука во една година, работните организации можат да ги користат во наредните години.

12 Девизните средства што работните организации ги остварile според прописите за утврдувањето на износот на девизите за плаќање во врска со извозот на стоки и услуги, можат да се користат од 1 јануари 1967 година за целите предвидени во чл. 16 и 17 на Законот за девизното работење и во членот 31 на Законот за кредитните работи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/66).

13. Народната банка на Југославија ќе издаде технички упатства за спроведување на оваа одлука.

14. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1967 година.

Р. п. бр. 66
30 јули 1966 година
Белград

Сојузен извршен совет

Го заменува
претседателот
Потпретседател,
Борис Крајгер, с. р.

425.

Врз основа на членот 17 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65 и 28/66), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА МИНИМУМОТ НА СРЕДСТВА СО КОЈ ОДДЕЛНИ СТОПАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ МОРААТ ДА РАСПОЛАГААТ ЗА ВРШЕЊЕ НАДВОРЕШНОТРГОВСКИ ПРОМЕТ

1. Трговските стопански организации и стопанските организации што вршат промет на стоки и услуги мораат за вршење на надворешнотрговски промет да го имаат во својот деловен фонд минимумот на средства определен со оваа одлука.

Во минимумот на средства на деловниот фонд од ставот 1 на оваа точка не се засметува вредноста на земјиштето.

Минимумот на средство што во својот деловен фонд мораат да го имаат и трговските стопански организации што вршат надворешнотрговски промет изнесува за одделни производи или групи производи односно за одделни трговски струки или групи трговски струки од Наредбата за определување трговските струки — „Службен лист на ФНРЈ", бр. 15/54 (во понатамошниот текст: група производи), и тоа:

Група производи	Деловен фонд во динари
1) добиток, живина, нивни производи и преработки, пердув	700.000
Во оваа група производи спаѓаат производи од трговските струки:	
— добиток и добиточна храна, освен добиточната храна,	
— месо и преработки од месо, освен преработките од месо,	
— живина, јајца, пердув и дивеч;	
2) добиточна храна	500.000
3) преработки од месо	2,000 000
4) зеленчук, овошје и преработки	800.000
5) жито и мелнички преработки	1,500.000
6) семенска стока	800.000
7) алкохолни и безалкохолни пијачки	3.000.000
8) индустриско-прехранбени производи	1,000.000
Во оваа група производи спаѓаат производи од трговските струки:	
— прехранбени продукти и предмети за куќни потреби,	
— деликатесни производи,	
— млеко и млечни производи, леб и печиво,	
— производи врз база на шеќер и какао;	
9) индустриски растенија, освен тутунот и билните влакна	1,000 000
10) тутун, тутунски преработки, кибрит и прибор, освен кибритот и приборот	5,000.000
11) текстил и текстилни суровини	2,000.000
Во оваа група производи спаѓаат производи од трговските струки:	
— текстил, кратка и плетена стока и конфекција,	
— јажарска стока, конопни и јутени производи.	
Покрај тоа, во оваа група производи спаѓа и волна;	
12) бои, лакови, хемикалии, каучук и кибрит	1,500.000
13) канцелариски материјал, хартија, пишувачки и училишен прибор и целулоза	1,500.000
14) нафта, нафтини деривати, мазиви уља и масти	2,500.000
15) кожа, крзно и производи од кожа	2,000.000
Во оваа група производи спаѓаат производи од трговските струки:	
— крзнена стока,	
— обувки,	
— кожа, седларска и ременарска стока и прибор,	
— сурова кожа, волна и крзно, животински отпадоци и влакна, освен волната;	
16) медицински и фармацеутски производи и медицински инструменти	1,600.000
Во оваа група производи спаѓаат производи од трговските струки:	
— парфимериска и козметичка стока ,	
— дрогериска стока,	
— медицински, здравствени и научни апарати и инструменти и прибор;	
17) дрво, дрвни производи и целулоза	2,500.000
Во оваа група производи спаѓаат производи од трговските струки:	
— градежни материјали — само градежен материјал од дрво,	
— огревно дрво и јаглен, освен јагленот,	
— мебел.	
Покрај тоа, во оваа група спаѓа и целулоза;	
18) друмски моторни возила, делови, прибор и гуми за моторни возила	5,000.000

Група производи	Деловен фонд во динари
19) земјоделски машини и алати, вештачки ѓубриња и средства за заштита на растенијата, освен вештачките ѓубриња, средства за заштита на растенијата и електроопремата	1,500.000
20) опрема за бродоградилиштата и луките и бродови за извоз, освен електроопремата	1,500.000
21) опрема за рударството и опрема за градежништвото, освен електроопремата	1,000.000
22) опрема и утензилии за текстилната индустрија, опрема за машиноградбата, металопреработувачката и друга индустрија, освен електроопремата	2,000.000
23) електроопрема	2,000.000
24) валани и влечени производи на обоената металургија	2,500.000
25) валани и влечени производи на црната металургија	2,000.000
26) металопреработувачка и техничка стока	1,000.000
Во оваа група производи спаѓаат производи од трговските струки:	
— железарска и метална стока, вклучувајќи ги и металните производи за градежништвото, велосипеди, шивачки машини и прибор, освен валаните и влечените производи на црната и обоената металургија и градежниот материјал врз база на неметали,	
— санитарен и инсталационен материјал,	
— противпожарни справи, материјал и прибор;	
27) акустични апарати и електротехнички материјал, освен електричните машини	1,500.000
28) инструменти, научни и лабораториски	1,000.000
29) стакло, порцелан и керамичка стока	1,500.000
30) фотографски и оптички апарати, инструменти и прибор	500.000
31) стоки за широка потрошувачка	
Во оваа група производи спаѓаат производи од трговските струки:	
— галантериска и базарска стока и играчки	200.000
— оружје, ловечки прибор, муниција, експлозиви и пиротехнички материјал	200.000
— часовници и изработки од благородни метали	200.000
— рибарски материјал и прибор	200.000
— производи од гума, каучук и пластични маси	200.000
— спортски прибор	200.000

Трговските стопански организации што работат како стоковни куќи не се должни во вршењето на надворешнотрговски промет да располагаат со определениот минимум средства во својот деловен фонд за групите производи од ставот 1 на оваа точка.

За производи или групи производи, за одделни трговски струки или групи трговски струки што не се споменати во ставот 1 на оваа точка трговската стопанска организација не е должна да располага со определен минимум средства во својот деловен фонд.

3. За трговските стопански организации, чиј предмет на работењето во надворешнотрговскиот промет е наведен во оваа точка, минимумот на средствата на деловниот фонд изнесува, и тоа:

1) снабдување на странски бродови во домашните луки и пристаништа и на странски воздухоплови на домашните аеродроми — 1,500.000 динари;

2) снабдување на странски армии — 700 000 динари;

3) вршење малограничен и соседно-прекуморски промет — 500.000 динари.

4. Производствените стопански организации, како и задругите што се занимаваат со производствена дејност, што надворешнотрговскиот промет го вршат и за потребите на други стопански организации, мораат во својот деловен фонд да го имаат минимумот на средства определен во точката 2 односно во точката 3 на оваа одлука ако обемот на тој промет за потребите на други стопански организации го надминува обемот на надворешнотрговскиот промет што го вршат за своите потреби.

5. Минимумот на средствата што во својот деловен фонд мораат да го имаат стопанските организации, што во надворешнотрговскиот промет ги вршат стопанските услуги наведени во оваа точка, изнесува за секоја од тие услуги, и тоа:

1) за услуги на меѓународен транспорт на стоки и патници:

— поморски и речен — 4,000.000 динари,

— воздушен — 2,000.000 динари,

— друмски — 3,000.000 динари;

2) за сообраќајно-агенциски услуги — 500.000 динари;

3) за туристички услуги — 2,000.000 динари;

4) за угостителски услуги, вклучувајќи ги и туристичките услуги за туристи на кои истовремено им се даваат и угостителски услуги — 1,500.000 динари;

5) за услуги на договорена контрола на квалитетот и квантитетот на стоки — 200.000 динари;

6) за работи на застапување странски фирми — 600.000 динари.

6. Трговските стопански организации што извезуваат опрема или комплетни постројки, а кои ќе се регистрираат за изведување инвестициони работи во странство што се во врска со извезената опрема или комплетна постројка, мораат во својот деловен фонд за тие работи да имаат како минимум 6,000.000 динари.

Трговските стопански организации што ќе се регистрираат само за работите на монтажа што се во врска со извезената опрема или комплетна постројка, мораат во својот деловен фонд за тие работи да имаат како минимум 500.000 динари.

7. Стопанските организации што вршат работи на посредување во надворешнотрговскиот промет (член 95 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство) мораат да имаат во својот деловен фонд како минимум 3,000.000 динари.

8. За вршење надворешнотрговски промет од страна на деловни и други здруженија во стопанството потребно е сите членови на здружението во своите деловни фондови заедно да го имаат минимумот на средства кој со оваа одлука е пропишан за вршење соодветен надворешнотрговски промет.

9. Одредбите на точката 4 од оваа одлука за производствените стопански организации согласно се применуваат и врз деловните и други здруженија во стопанството во кои се зачленети производствени стопански организации односно задруги што се занимаваат со производствена стопанска дејност.

Одредбите на точката 4 од оваа одлука за производствените стопански организации согласно се применуваат и врз деловните и други здруженија во стопанството во кои се зачленети производствени стопански организации односно задруги што се занимаваат со производствена дејност и трговски стопански организации, ако обемот на надворешнотр-

говскиот промет на производствените стопански организации односно задруги што се занимаваат со производствена дејност, што тие го остваруваат преку здружението, го надминува обемот на надворешнотрговскиот промет кој преку здружението го остваруваат трговските стопански организации.

10. Стопанските организации и деловните здруженија што до 21 јули 1966 година биле запишани во регистарот за вршење надворешнотрговски промет, а кои во смисла на оваа одлука мораат во својот деловен фонд да го имаат определениот минимум средства, се должни во рок од една година од денот на влегувањето во сила на оваа одлука да му поднесат на окружниот стопански суд доказ дека во својот деловен фонд располагаат со минимум средства пропишан со оваа одлука (член 67 став 2 од Законот за измени и дополненија на Законот за прометот на стоки и услуги со странство — „Службен лист на СФРЈ", бр. 28/66).

Ако стопанската организација или деловното здружение не постапи според одредбата на ставот 1 од оваа точка, губи право на вршење надворешнотрговски промет за кој со оваа одлука е пропишан минимумот на средства (член 119 став 1 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство).

11) Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Наредбата за минимумот на средствата со кои стопанската организација мора да располага за вршење надворешнотрговски работи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/62 и 45/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 34/63, 23/64 и 17/65).

12. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 63
30 јули 1966 година
Белград

Сојузен извршен совет

Го заменува претседателот
Потпретседател,
Борис Крајгер, с. р.

426.

Врз основа на членот 28 став 3 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/66), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ВИСОЧИНАТА НА ДЕЛОТ ОД АМОРТИЗАЦИЈАТА ДО КОЈ РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ МОЖАТ ДА КУПУВААТ ДЕВИЗИ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ОПРЕМА И РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ

1. Работните организации имаат право од овластените банки да купуваат девизи во противвредност до 10% од амортизацијата на опремата пресметана за текуштата година според пропишаните стопи.

По исклучок од одредбата на ставот 1 од оваа точка, претпријатијата на поморскиот, речниот и езерскиот сообраќај, како и здравствените установи и установите за социјална заштита, можат да купуваат девизи во височина до 30% од средствата на амортизацијата на опремата пресметана за текуштата година според пропишаните стопи.

Претпријатијата на воздушниот сообраќај можат да купуваат девизи во височина до 100% од средствата на амортизацијата на опремата пресметана за текуштата година според пропишаните стопи.

2. Работните организации можат да користат до 50% од динарските средства пресметани според точката 1 на оваа одлука за плаќање во девизи што се од значење за зачувувањето на ликвидноста во плаќањата со странство.

Народната банка на Југославија ќе определи кои девизи се сметаат како девизи од значења за зачувувањето на ликвидноста во плаќањата со странство.

3. Во случај на пропишување на мерки со кои се ограничува или се забранува извозот на определени производи, за работните организации на кои се однесуваат тие мерки може со посебни одлуки на Сојузниот извршен совет да се определува делот од средствата на амортизацијата до кој тие можат да купуваат девизи за увоз на опрема и резервни делови.

4. Средствата пресметани од 1 јануари 1961 година според одредбите на Наредбата за процентот од средствата на амортизацијата до кој можат стопанските организации да купуваат девизи за увоз на опрема („Службен лист на ФНРЈ", бр. 9/61 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 24/64) и Наредбата за процентот од средствата на амортизацијата до кој можат стопанските организации да купуваат девизи за плаќање на опремата и резервните делови што се увезуваат („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/66), а неискористени до 31 декември 1966 година ќе се користат од 1 јануари 1967 година за целите од членот 28 на Законот за девизното работење.

5. Решението на Државниот секретаријат за надворешна трговија, бр. 13494 од 3 декември 1962 година, со кое е утврден делот од амортизацијата до кој можат да се купуваат девизи за плаќање на увозот на производи и резервни делови определени со тоа решение, останува во сила и по почетокот на применувањето на оваа одлука, и тоа до рокот од тоа решение.

6. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1967 година.

Р. п. бр. 60
30 јули 1966 година
Белград

Сојузен извршен совет

Го заменува претседателот
Потпретседател,
Борис Крајгер, с. р.

427.

Врз основа на членот 34 став 4 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65 и 28/66), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОБВРСКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ОПРЕДЕЛЕН ОБЕМ НА НАДВОРЕШНОТРГОВСКИ ПРОМЕТ

1. Трговските стопански организации што до 21 јули 1966 година не се регистрирани за вршење надворешнотрговски промет, должни се пред да се запишат во регистарот за вршење на тој промет, да ѝ дадат на банката кај која имаат жиро-сметка писмена гаранција на определен динарски износ дека ќе остварат промет на односни групи производи најмалку во вредноста определена во точката 2 на оваа одлука.

2 Трговските стопански организации од точката 1 на оваа одлука што ќе се регистрираат за извоз и увоз на производи или други производи наведени во овој став, односно на производи на одделни трговски струки или групи трговски струки од Наредбата за определување трговските струки — „Службен лист на ФНРЈ", бр. 15/54 (во понатамошниот текст: групи производи), мораат за секоја од тие групи производи во првата година на работење, сметајќи од денот на запишувањето во регистарот, да остварат извоз на односни производи во следната вредност, и тоа:

Група производи	Вредност на извозот во динари
1) добиток, живина, нивни производи и преработки, пердув	25,000.000
Во оваа група производи спаѓаат производи од трговските струки: — добиток и добиточна храна, освен добиточната храна, — месо и преработки од месо, освен преработките од месо, — живина, јајца, пердув и дивеч;	
2) добиточна храна	3,750.000
3) преработки од месо	12,500.000
4) зеленчук, овошје и преработки	12,500.000
5) жито и мелнички преработки	12,500.000
6) семенска стока	6,250.000
7) алкохолни и безалкохолни пијачки	12,500.000
8) тутун, тутунски преработки, кибрит и прибор, освен кибритот и прибор	37,500 000
9) текстил и текстилни суровини	37,500.000
Во оваа група производи спаѓаат производи од трговските струки: — текстил, кратка и плетена стока и конфекција, — јажарска стока, конопни и јутени производи.	
Покрај тоа, во оваа група производи спаѓа и волна;	
10) бои, лакови, хемикалии, каучук и кибрит	12,500.000
11) канцелариски материјал, хартија, пишувачки и училишен прибор и целулоза	6,250.000
12) нафта, нафтини деривати, мазива — уља и масти	12,500.000
13) кожа, крзно и производи од кожа	6,250.000
Во оваа група производи спаѓаат производи од трговските струки: — крзнарска стока, — обувки, — кожа, седларска и ременарска стока и прибор; — сурова кожа, волна и крзно, животински отпадоци и влакна, освен волната;	
14) медицински и фармацеутски производи и медицински инструменти	6,250.000
Во оваа група производи спаѓаат производи од трговските струки: — парфимериска и козметичка стока, — дрогериска стока, — медицински, здравствени и научни апарати и инструменти и прибор;	
15) дрво, дрвни производи и целулоза	25,000.000
Во оваа група производи спаѓаат производи од трговските струки: — градежен материјал — само градежен материјал од дрво, — огревно дрво и јаглен, освен јагленот, — мебел.	
Покрај тоа, во оваа група спаѓа и целулоза;	
16) друмски моторни возила, делови, прибор и гуми за моторни возила	6,250.000
17) земјоделски машини и алати, вештачки ѓубриња и средства за заштита на растенијата, освен вештачките ѓубриња и средствата за заштита на растенијата и електроопрема	3,100.000
18) опрема за бродоградилишта и луки и бродови за извоз, освен електроопремата	12,500.000
19) опрема и утензилии за текстилната индустрија, опрема за машиноградбата, металопреработувачката и друга индустрија, освен електроопремата	18,750 000
20) електроопрема	12,500 000
21) валани и влечени производи на обоената металургија	25,000.000
22) валани и влечени производи на црната металургија	6,250 000
23) металопреработувачка и техничка стока	12,500.000
Во оваа група производи спаѓаат производи од трговските струки: — железарска и метална стока, вклучиво метални производи за градежништвото, велосипеди, шивачки машини и прибор, освен валаните и влечените производи на црната и обоената металургија и градежниот материјал врз база на неметали, — санитарен и инсталационен материјал, — противпожарни справи, материјали и прибор;	
24) акустични апарати и електротехнички материјал, освен електроопремата	6,250.000
25) стакло, порцелан и керамичка стока	3,100 000

Како остварен обем на извоз од ставот 1 на оваа точка се смета само вредноста на извозот извршен во свое име и во своја сметка и во својство на комисионер, освен извозот извршен во рамките на работите на меѓународно трговско посредување.

3. Трговските стопански организации од точката 2 на оваа одлука даваат писмена гаранција на динарски износ кој се определува во процент од вредноста на извозот предвиден во таа точка, и тоа:

1) за групите производи од точката 2 под 1, 8 и 9 — — — — — — — — — 5%
2) за другите групи производи — — — 10%

4. Одредбите на точ. 1 и 2 од оваа одлука се применуваат и врз деловните и други здруженија во стопанството во кои се зачленети трговски стопански организации, како и врз деловните и други здруженија во стопанството во кои се зачленети трговски и производствени стопански организации односно задруги што се занимаваат со производствена дејност, ако е обемот на надворешнотрговскиот промет на трговските стопански организации што тие го остваруваат преку здружението поголем од обемот на тој промет кој преку здружението го остваруваат производствените стопански организации односно задруги што се занимаваат со производствена стопанска дејност, освен здруженијата на трговските стопански организации што работаат како стоковни куќи.

5. Стопанските организации што до 21 јули 1966 година во надворешнотрговскиот промет не се регистрирани за вршење работи на договорена контрола на квалитетот и квантитетот на стоките, се должни при запишувањето во регистарот за вршење на тој предмет на работењето да и дадат на банката писмена гаранција на износ од 40.000 динари дека во првата година работење, сметајќи го денот на запишувањето во регистарот, ќе остварат вредност на тие услуги во изнрс од 400.000 динари.

6. Стопанските организации односно деловните и други здруженија во стопанството од точ. 2, 4 и 5 на оваа одлука што во пропишаниот рок не ќе го остварат определениот обем на извозот на стоки односно услуги, губат право на вршење надворешнотрговски промет за односните групи производи односно вршење услуги, со тоа што банката ќе изврши наплата на определениот динарски износ

во височина на положената гаранција и истиот ќе го уплати во корист на федерацијата (член 119 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство).

7. Народната банка на Југославија ќе донесе, по потреба, технички упатства за спроведување на оваа одлука.

8. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 62
30 јули 1966 година
Белград

Сојузен извршен совет

Го заменува претседателот
Потпретседател,
Борис Крајгер, с. р.

428.

Врз основа на членот 52 став 4 од Основниот закон за заштитата при работата („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65), сојузниот секретар за труд, во согласност со сојузниот секретар за сообраќај и врски, по прибавеното мислење од Централниот совет на Сојузот на синдикатите на Југославија, Сојузната стопанска комора и од надлежните републички органи, пропишува

ПРАВИЛНИК
ЗА ЗАШТИТАТА ПРИ РАБОТАТА СО УРЕДИ ЗА НАТОВАР И ИСТОВАР НА ТОВАРИ НА ПОМОРСКИТЕ БРОДОВИ И ПЛОВИЛАТА ЗА ВНАТРЕШНА ПЛОВИДБА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат мерките и нормативите за заштита на лицата при работата со уреди за натовар и истовар на товари на поморските бродови и пловилата за внатрешна пловидба (во понатамошниот текст: бродска дигалка) со дозволена носивост над 100 kg. прицврстени за палубата или над градбата на поморски брод или пловило за внатрешна пловидба.

Член 2

Како бродска дигалка, во смисла на овој правилник, се смета и обртната палубна дигалка за натовар и истовар на товари и сите други видови дигалки прицврстени за палубата на поморски брод или пловило за внатрешна пловидба.

Како делови од бродска дигалка, во смисла на овој правилник, се сметаат јарболот, столбот, самарицата или кракот, леглото на самарицата или кракот и вителот или чекрекот на механички или рачен погон со припадната опрема.

Како опрема во смисла на овој правилник се сметаат: челични јажиња, синџири, колотурници, кукачки, алки, вртелешки, шкопци и други спојни делови од јажиња и синџири, како и друга опрема која не може да се симнува од бродската дигалка и чија употреба е сврзана за работата на дигалката.

Член 3

Мерките и нормативите за заштита при работата со бродски дигалки предвидени со овој правилник се спроведуваат од работните организации и физичките лица што вршат транспортни услуги користејќи при тоа брод односно пловило како превозно средство или пловна дигалка на море и на водите на внатрешна пловидба.

Член 4

Надзор над спроведувањето на мерките за заштита на бродските дигалки што се пропишани со одредбите од овој правилник врши надлежниот орган на инспекцијата на трудот.

Надзор над изградбата на бродска дигалка, испитување на дигалка под оптоварување, како и преглед на дигалка заради проверување техничката исправност на дигалките и нивните делови врши врз основа на важечките прописи Југословенскиот регистар на бродовите (во понатамошниот текст: Југорегистарот).

II. МЕРКИ И НОРМАТИВИ ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТАТА СО БРОДСКИ ДИГАЛКИ

1. Бродска дигалка и нејзини делови

Член 5

Бродската дигалка мора да биде изградена така што со сигурност да може да се дига, пренесува и спушта товарот. Најголемото дозволено (работно) оптоварување на дигалката мора да биде видно означено на самарицата или кракот на дигалката.

Уредот за управување со бродската дигалка мора да биде сместен така што натоварот и истоварот на товари да може со сигурност и непречено да се врши од палубата на бродот односно пловилото.

Член 6

Витлата на механички и рачен погон мораат да бидат опремени со сигурносни кочници. Подвижните делови од вител (оски запчаници) мораат да бидат заградени со заштитен метален оклоп, мрежа или решетка.

Димензиите на деловите од витал на рачен или механички погон како и цврстината на материјалот од кој се изградени тие делови мораат да му одговараат на дозволеното (работното) оптоварување на бродската дигалка.

Кај вител на рачен погон рачката за вртење мора да ги има пропишаните димензии и мора да биде добро прицврстена за оската. Чекрекот мора да има сигурносна кочница и запирачи за спречување повратен удир од рачката.

Витлата на механички погон мораат да бидат опремени со уред за автоматско спречување нагло спуштање на товар (кочници). Кочницата од вител мора да биде во состојба со сигурност да држи и пробно оптоварување поголемо од најголемото дозволено оптоварување на бродската дигалка, според одредбите на членот 19 од овој правилник.

Моторот од вител на електричен погон мора да биде прописно уземјен, а спроводниците за струја добро изолирани.

Кај вител на парен погон, пароводните цевки и жешките метални делови со кои работниците при работата можат да дојдат во додир, мораат да бидат добро топлотно изолирани, а цевката за испуштање на искористена пара изведена така што излезната пара да не го попречува видокругот на дигалкарот.

Член 7

Јарболите и столбовите како составни делови од бродска дигалка мораат да бидат димензионирани и изградени, а за палубата од бродот односно пловилото прицврстени, така што да можат да го носат најголемото дозволено оптоварување на дигалката.

Член 8

Свртувачкиот лежај од самарицата и кракот на бродска дигалка мора да биде конструиран така што за време на работата да не може да дојде до испаѓање на самарицата или кракот на дигалката од лежајот.

Член 9

Самарицата мора да биде опремена со чифт јажиња со колотурници (мустаќи), а, по потреба, зависно од начинот на работата на дигалката (работа со две самарици), и со чифт челични јажиња, прицврстени за посебни ушки на врвот на кракот, заради обезбедување од поместување настрана при дигање односно спуштање на товарот.

Член 10

Деловите од бродска дигалка што служат за прицврстување на синџирите или јажињата за носечкиот крак, јарболите, столбовите или конструкцијата на бродот односно пловилото, мораат да ја имаат цврстината и димензиите определени според дозволеното (работното) оптоварување на бродската дигалка.

Член 11

На деловите од бродска дигалка што се симнуваат (колотурници, кукачки, шкопци и др.) мораат, пред нивното предавање на употреба, да бидат втиснати: знак на установата што го вршела атестирањето, број на атестот, датум на атестирањето и дозволено работно оптоварување.

Ознаката од ставот 1 на овој член мора да биде втисната така што да не се оштети дел од дигалката и не се намали неговата цврстина.

Ако на одделни делови од бродска дигалка не е можно да се втисне ознака со податоците од ставот 1 на овој член, на такви делови мора да се втисне само ознака на органот што го извршил испитувањето.

Означувањето на деловите од бродска дигалка се врши под надзор на органот на Југорегистарот.

2. Опрема на дигалката

Член 12

Челичните јажиња на бродска дигалка мораат да имаат цврстина и димензии што му одговараат на дозволеното (работното) оптоварување на бродска дигалка. Челичните јажиња мораат постојано да се одржуваат во исправна состојба и да се штитат од влијание на влага со премачкување со заштитно средство (вазелин, масло и др.) против корозија.

Забранета е употреба на продолжено, згмечено или на друг начин видливо оштетено челично јаже (на пример, напрснати жици и сл.).

Уверенијата за испитувањето на челичните јажиња издадени од Југорегистарот мораат да бидат приложени кон регистарот на товарниот уред.

Член 13

Синџирите на бродска дигалка мораат да имаат цврстина и димензии што му одговараат на дозволеното (работното) оптоварување на бродска дигалка.

Уверенијата за испитувањето на синџирите издадени од Југорегистарот мораат да бидат приложени кон регистарот на товарниот уред.

Член 14

Товарната кукачка и други носечки делови (шкопци, вртелешки) на бродска дигалка мораат да бидат од квалитетен челик и со својата форма и димензии да му одговараат на најголемото дозволено (работно) оптоварување на бродската дигалка. Ознаката за оптоварување мора да биде неизбришливо втисната на нив.

Товарната кукачка мора да биде така изработена што да не може да дојде до испаѓање на јажиња од кукачката, а по потреба, да има и автоматски или друг осигурувач.

Член 15

Јажниците и колотурниците мораат да имаат цврстина и димензии што му одговараат на дозволеното (работното) оптоварување на бродска дигалка и мораат да бидат опремени со направа за подмачкување.

Член 16

Врз опрема на бродска дигалка а особено врз: кукачки, жлебести макари (јажници), челични носечки јажиња и помошни носечки средства, синџири (обични и крански), врски од синџири (пасци и сл.), стегачи за челични јажиња (жабички), направи за пренесување и прифаќање товари (товарни платформи) и друга ненаведена опрема, ќе се применуваат заштитните мерки и нормативите пропишани за опремата на дигалки во Правилникот за хигиенско-техничките заштитни мерки при работата со дигалки („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/64), ако со посебни прописи и технички правила не е определено поинаку.

3. Пуштање во работа на бродски дигалки

Член 17

Бродските дигалки можат да бидат пуштени во работа само по одобрение за пуштање во работа кое се донесува врз основа на атести односно издадени уверенија за прегледот и испитувањето на дигалката, нејзините делови и опрема од страна на овластената установа (Југорегистарот).

Уверенијата за извршениот преглед и испитување на дигалката и нејзините делови и атестите за квалитетот и димензиите на опремата мораат да бидат приложени кон регистарот на товарниот уред.

Бродската дигалка, нејзините делови и опремата мораат да се прегледаат најмалку еднаш годишно. Тој преглед се состои од надворешен (визуелен) преглед и удари со чекан по одделни делови, а, по потреба, и од раставување на одделни делови, како и од испитување на бродски дигалки под оптоварување.

Резултатите на прегледите од ст. 1 и 2 на овој член мораат да се внесуваат во регистарот на товарниот уред.

4. Испитување на бродски дигалки под оптоварување

Член 18

Испитување на бродски дигалки под оптоварување се врши пред давањето на употреба на нова или реконструирана дигалка, по поголеми поправки при кои е извршена замена на дотраени или оштетени битни делови од бродска дигалка, како и при детален преглед од членот 17 став 3 на овој правилник.

Испитување на бродска дигалка под оптоварување се врши заради проверување на дозволеното (работното) оптоварување и сигурноста на бродската дигалка.

Испитување на бродска дигалка под оптоварување се врши заедно со опремата која на дигалката редовно се употребува.

Одделни делови од бродската дигалка и од нејзината опрема мораат да бидат димензионирани така што да можат со сигурност да ги поднесат напрегањата предизвикани од силата која настанува поради најголемото дозволено оптоварување на дигалката.

Ако дел од бродската дигалка или од нејзината опрема не ги исполнува условите од ставот 4 на овој член, најголемото дозволено оптоварување на дигалката мора да се намали.

Член 19

Испитувањето на бродска дигалка под оптоварување се врши со пробно оптоварување поголемо од најголемото дозволено оптоварување на дигалката, со тоа што пробното оптоварување мора да биде, и тоа:

1) кај дигалки со најголемо дозволено (работно) оптоварување до 20 тона — за 25% поголемо од најголемото дозволено (работно)) оптоварување;

2) кај дигалки со најголемо дозволено (работно) оптоварување од 20 до 50 тона — за 5 тона поголемо од најголемото дозволено (работно) оптоварување;

3) кај дигалки со најголемо дозволено (работно) оптоварување над 50 тона — за 10% поголемо од најголемото дозволено (работно) оптоварување.

Член 20

Испитувањето на одделни делови од опрема на бродска дигалка што се под оптоварување, се врши со пробно оптоварување поголемо од најголемото дозволено (работно) оптоварување, со тоа што пробното оптоварување мора да биде, и тоа:

1) кај синџири, челични јажиња, кукачки и нивни надворешни делови — двапати поголемо од дозволеното (работното) оптоварување;

2) кај еднокатни бродски макарници — четири пати поголемо од дозволеното (работното) оптоварување;

3) кај повеќекатни бродски макарници со дозволено (работно) оптоварување до 20 тона — двапати поголемо од дозволеното (работното) оптоварување;

4) кај повеќекатни бродски макарници со дозволено работно оптоварување до 40 тона — за 20 тона поголемо од дозволеното (работното) оптоварување;

5) кај повеќекатни бродски макарници со дозволено (работно) оптоварување над 40 тона — 1,5 пати поголемо од дозволеното (работното) оптоварување;

6) кај бордски макарници со калибрирани синџири што се движат рачно, како и кај калибрирани синџири со надворешни делови што за нив се постојано прицврстени (прстења, кукачки, алки и др.) — 1,5 пати поголемо од дозволеното (работното) оптоварување.

Член 21

Испитувањето на бродска дигалка под оптоварување се врши врз основа на претходно утврден план за испитување на бродската дигалка, од кој мора да се гледа дека сите битни делови на бродската дигалка и сета опрема се претходно испитани во согласност со одредбите на овој правилник.

При испитувањето на бродската дигалка под оптоварување, најголемиот крак мора да биде поставен така што аголт помеѓу надолжната оска на кракот и хоризонталната рамнина не смее да биде поголем од:

1) 15° — кај бродски дигалки со најголемо дозволено (работно) оптоварување до 10 тона;

2) 25° — кај бродски дигалки со најголемо дозволено (работно) оптоварување над 10 тона.

По исклучок, ако најголемиот крак на бродска дигалка не може од оправдани причини да биде поставен под аголот од ставот 2 на овој член, кракот ќе се испита под најмал можен агол.

Кај бродска дигалка со променлив дофат на кукачката во текот на работата, мора испитувањето под оптоварување да се врши при највисоката и најниската положба на кракот (иглата) односно при најмалиот и најголемиот дофат на кукачката.

Кај нови бродски дигалки испитување под оптоварување ќе се изврши со дигање пробен тег на височина и со повеќе пати повторно поместување на кракот (самарицата) од крајната лева во крајната десна положба.

Во другите случаи, испитување на бродски дигалки под оптоварување може да се изврши со помош на хидрауличен или федерен динамометар, и тоа прво во едната а потоа во другата бочна крајна положба на кракот. Ќе се смета дека бродска дигалка ги исполнува условите на испитувањето ако индикаторот на динамометарот во текот на две минути еднаподруго го покаже пропишаното оптоварување.

По извршеното испитување на бродска дигалка под оптоварување, сите делови на дигалката мораат да бидат внимателно прегледани за да се утврди дали некој дел за време на испитувањето се оштетил или трајно деформирал.

Член 22

Бродска дигалка испитана под оптоварување, покрај ознаката од членот 11 на овој правилник, мора на кракот да го има со крупни букви и броеви напишано најголемото дозволено (работно) оптоварување изразено во тони.

5. Жарење на делови од опрема на бродска дигалка

Член 23

Синџирите и други делови од опрема на бродска дигалка (прстења, кукачки и др.) што се изработени од ковано железо или леан челик, мораат повремено да се жарат под надзор на Југорегистарот.

Податоците за жарењето на делови од опрема мораат да се внесуваат во соодветниот образец кој со заверка од Југорегистарот се прилага кон регистарот на товарниот уред.

Член 24

Деловите на опрема од членот 23 на овој правилник кај бродска дигалка на механички погон, што се во постојана употреба а имаат пречник односно дебелина поголема од 12,5 mm, мораат да се жарат најмалку еднаш во 12 месеци.

Деловите на опрема од ставот 1 на овој член, што имаат пречник односно дебелина до 12,5 mm, мораат да се жарат најмалку еднаш во шест месеци.

Деловите на опрема од членот 23 на овој правилник кај бродска дигалка на рачен погон се жарат еднаш во 24 месеци односно еднаш во 12 месеци, зависно од пречникот или дебелината на тие делови.

Член 25

Одредбите за жарење на делови од бродска дигалка (чл. 23 и 24) не се однесуваат на:

1) постојано прицврстени синџири (клобучници);

2) синџири изработени од жилав лив;

3) членести синџири (Галови синџири);

4) калибрирани синџири;

5) кукачки и спојни делови (прстен, алка и др.) постојано прицврстени за калибрирани синџири, бродски макарници или динамометри;

6) кукачки и други спојни делови со вијчани навои односно тркалечки лежаи или други делови од опрема со термички обработени површини;

7) зглавки за јажиња и масивни јамки со алки (Bordeaux споеви);

8) синџири, кукачки, прстења и други делови од опрема изработени од челик.

6. Одржување на бродска дигалка

Член 26

Сите осетливи делови од бродска дигалка што се подложни на корозија мораат да бидат на погоден начин заштитени од влага.

Деловите од дигалка и опрема што се симнуваат од дигалката за време кога не се во употреба, мораат да бидат на погоден начин конзервирани, уредно сложени и мораат да се чуваат на суво место.

Конзервирањето на деловите од дигалка и опрема што се симнуваат од дигалката се врши според упатствата на производителот или заповедникот на бродот.

За посигурно и полесно опремање на тешка дигалка (игла) со опрема што се симнува, на бродот треба да постои, по правило, упатство со нацрт за опремање и ракување со таква дигалка.

7 Дигалкар

Член 27

Управувачот на моторен вител на брод (дигалкарот), при управувањето со дигалката мора да се придржува кон писмените упатства за ракување со таа дигалка.

Дигалкарот, пред да ја пушти во работа дигалката, треба со визуелен преглед и проба без оптоварување да провери дали сите уреди за дигање товари се во исправна состојба. Ако во текот на работата утврди некоја неисправност на дигалката или на нејзината опрема, мора да ја запре работата со дигалката.

Дигалкарот не смее:

1) да ја оптоварува бродската дигалка со товар поголем од најголемото дозволено (работно) оптоварување, освен при пробно испитување (член 19);

2) да го подига товарот се косо поставено јаже;

3) да го остава товарот без потреба да виси на кукачката од дигалката;

4) да врши дигање, пренесување или спуштање на опасни или експлозивни товари без претходно

преземени посебни заштитни мерки против удар или паѓање на товарот;

5) да подига товар што не е слободен или се наоѓа под друг товар;

6) да го преносува товарот над работниците или во нивната непосредна близина.

8. Примена на заштитните мерки на странски бродови

Член 28

Одредбите од овој правилник ќе се применуваат и врз странските бродови за време на натовар и истовар на товари во луките и пристаништата на територијата на Југославија.

Надлежниот орган на инспекцијата на трудот може, по потреба, да бара бродските дигалки на бродовите од ставот 1 на овој член да се подложат на преглед, детален преглед или испитување под оптоварување од страна на Југорегистарот.

Исправите на странски бродови за исправноста на бродските дигалки ги признава надлежниот орган на инспекцијата на трудот ако е тоа предвидено со договор склучен помеѓу Југославија и државата на која им припаѓа странскиот брод. Ако таков договор не постои, исправите ќе се признаваат под условите на реципроцитет.

III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 29

Заштитните мерки на бродските дигалки што на денот на влегувањето во сила на овој правилник ќе се наоѓаат во употреба, мораат да се усогласат со одредбите на овој правилник во рок од две години.

Член 30

Ако со овој правилник одделни заштитни мерки и нормативи при работата на бродски дигалки не се предвидени, ќе се применуваат одредбите од Правилникот за техничките и здравствено-техничките заштитни мерки на пловните објекти за внатрешна пловидба (Прилог бр. 2 на „Службен лист ФНРЈ", бр. 20/50), од Правилникот за хигиенските и техничките заштитни мерки на морските бродови („Службен лист на ФНРЈ", бр. 6/57) и од Правилникот за хигиенско-техничките заштитни мерки при лучко-транспортната работа („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/64).

Член 31

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 115/1-9
26 јули 1966 година
Белград

Сојузен секретар за труд,
Ристо Цунов, с. р.

429.

Врз основа на чл. 24 и 25 од Основниот закон за евиденциите во областа на трудот („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65 и 23/65), чл. 217, 222 став 3, членот 223 став 4 и членот 224 став 2 од Основниот закон за инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/65) и членот 68 став 3 од Основниот закон за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/65 и 29/66), сојузниот секретар за труд пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИИ ВО ОБЛАСТА НА ТРУДОТ

Член 1

Во Правилникот за водење евиденции во областа на трудот („Службен лист на СФРЈ", бр. 55/65) во членот 33 став 1 по зборот: „година" се додаваат зборовите: „и обезбедување податоци што служат за остварување на правата на осигуреникот врз основа на здравственото, инвалидското и пензиското осигурување".

Ставот 2 се менува и гласи:

„Потврдата од ставот 1 на овој член се составува во два рамногласни примерка за секој работник кој во текот на изминатата календарска година бил запослен во работна или друга организација. Обата примероци му се доставуваат на надлежниот комунален завод за социјално осигурување до 30 април текуштата година за изминатата календарска година. Едниот примерок од потврдата го задржува заводот, а другиот примерок заводот го заверува и ѝ го враќа на работната организација."

По ставот 3 се додаваат четири нова става, кои гласат:

„Потврда од ставот 1 на овој член не се составува за работници што работат во работна или друга организација по основот на граѓанско-правен однос, за уживатели на пензии што работат со работно време пократко од една половина од полното работно време, за уживатели на пензии со наполнет пензиски стаж од 40 (мажи) односно 35 (жени) години и за борци од НОВ пред 9 септември 1943 година со наполнет пензиски стаж од 35 (мажи) односно 30 (жени) години.

За работниците што во изминатата календарска година примиле личен доход за помалку од три цели календарски месеци или воопшто таков не примале, работните и други организации ја доставуваат потврдата од ставот 1 на овој член со податоци за износот на месечните еконтации и надоместоци на личниот доход што работникот ги примил во текуштата година до настапувањето на спреченоста за работа.

Во случаите на спреченост за работа што ќе настапат од почетокот на текуштата година до донесувањето на завршната сметка за изминатата календарска година, работните и други организации ја доставуваат потврдата од ставот 1 на овој член со податоци за вкупните аконтации и надоместоци на личниот доход што работникот ги примил во изминатата календарска година.

Потврдата од ст. 5 и 6 на овој член се доставува првиот ден од кога исплатувањето на надоместокот на личниот доход по основот на здравственото осигурување почнува да ги товари средствата со кои ракува заводот."

Член 2

По членот 33 се додаваат два нови члена, кои гласат:

„Член 33а

До устројување на матичната евиденција пропишана со чл. 171 до 173 од Основниот закон за пензиското осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр 51/64, 56/65 и 14/66), податоците за личниот доход и времето за утврдување на стажот на осигурување од потврдата пропишана со членот 33 од овој правилник се внесуваат во личниот картон на осигуреникот (образец ЕР—12) што го водат комуналните заводи за социјално осигурување.

Податоците за личниот доход и времето за утврдување на стажот на осигурување за работници запослени кај приватни работодавци и за лица што се обврзници за плаќање на придонесите за своето осигурување, комуналните заводи за социјално осигурување ги внесуваат во личниот картон на осигуреникот.

Член 33б

Кога работникот ќе мине од една работна организација во друга на подрачјето на истиот комунален завод за социјално осигурување, заводот е должен на работната или друга организација во која работникот стапил на работа, на барање, да ѝ достави податоци за личниот доход што работникот го остварил во изминатата календарска година, а кој служи како основ за утврдување на надомес-

токот на личниот доход по основот на здравствено осигурување.

Кога работникот ќе мине во работна организација на подрачјето на друг комунален завод за социјално осигурување, комуналниот завод кај кој работникот порано бил осигурен е должен на заводот кај кој се пријавува работникот, на барање, да му достави препис од личниот картон на осигуреникот со податоците од ставот 1 на овој член. Комуналниот завод за социјално осигурување кај кој се пријавува работникот должен е на работната или друга организација во која работникот стапил на работа, на барање, да ѝ ги достави податоците од ставот 1 на овој член.

Кога од една во друга работна организација минува работник што во изминатата календарска година примил личен доход за помалку од 3 цели календарски месеци или воопшто таков не примал, односно работник за кој, поради донесување на завршната сметка, не е доставена потврда за личниот доход за изминатата календарска година, работната или друга организација во која му престанала работата на работникот е должна на работната или друга организација во која работникот стапил на работа, на барање, да ѝ достави податоци за аконтацијата и надоместоците на личниот доход што работникот ги примил во текуштата односно изминатата година."

Член 3

Во членот 109 точката 1 се менува и гласи:

„1) извештај за спреченоста за работа, на образецот ЕР-28;".

Член 4

Во членот 110 ставот 1 се менува и гласи:

„Извештајот за спреченоста за работа се доставува првиот ден од кој исплатувањето на надоместокот на личниот доход по основот на здравствено осигурување почнува да ги товари средствата со кои ракува заводот."

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Во случаите од членот 33 ст. 5 и 6 на овој правилник, кон извештајот за спреченоста за работа се прилага и потврда за личниот доход и времето за утврдување на стажот на осигурување."

Досегашните ст. 2 и 3 стануваат ст. 3 и 4.

Член 5

По членот 111 се додава нов член 111а, кој гласи:

„Потврдата за личниот доход и времето за утврдување на стажот на осигурување од членот 33 на овој правилник, за личниот доход остварен во 1965 година, се доставува до 31 октомври 1966 година.

Во случаите кога спреченоста за работа ќе настапи помеѓу 1 август и 31 октомври 1966 година, потврдата за личниот доход и времето за утврдување на стажот на осигурување за 1965 година се доставува истовремено со извештајот за спреченоста за работа од членот 109 и 110 на овој правилник.

Потврдата за личниот доход и стажот на осигурување остварен во 1965 година се доставува врз основа на податоците од евиденцијата за личниот доход што работните и други организации ја воделе во 1965 година."

Член 6

Образецот ЕР-28 „Потврда за личниот доход" се заменува со нов образец ЕР-28 „Извештај за спреченоста за работа", кој гласи:

Образец ЕР-28

(формат 13×10 cm)

Назив на обврзникот за уплатување на придонесот		ИЗВЕШТАЈ за спреченоста за работа
Регистарски број	Шифра на дејноста	

Осигуреникот ———— роден на ———— 19—— година со стан во ———— улица ———— број ——— запослен кај оваа организација од ———— 19—— година, привремено е неспособен — спречен за работа од ——— 19—— година.

Осигуреникот издржува ———— членови на семејство што имаат право на здравствена заштита.

Осигуреникот има право на надоместок во износ од 100% од основот оти ————

Во ————

на ———— 19—— година

М. П.

————

(Потпис на овластеното лице)

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 2234
4 август 1966 година
Белград

Сојузен секретар
за труд,
Ристо Цунов, с. р.

430.

Врз основа на членот 24 од Основниот закон за евиденциите во областа на трудот („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65), сојузниот секретар за труд пропишува

УПАТСТВО

ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ПОТВРДАТА ЗА ЛИЧНИОТ ДОХОД И ЗА ВРЕМЕТО ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

1. Потврдата за личниот доход и за времето за утврдување на стажот на осигурување (образец ЕР-1) пропишана со членот 33 од Правилникот за водење евиденции во областа на трудот („Службен лист на СФРЈ", бр. 55/65), се пополнува на следниот начин:

1) во просторот во горниот лев агол — се запишува полниот назив на работната или друга организација што ја испоставува потврдата и бројот под кој работната или друга организација е регистрирана кај надлежниот комунален завод за социјално осигурување;

2) под просторот во горниот лев агол — се запишува податок за седмичниот број на работните денови што е должен да ги работи работникот во работната или друга организација (5 односно 6) и податок за седмичниот број на часовите работа на работната или друга организација (42, 48 и сл.) во периодот за кој се поднесува потврдата.

Ако одделни работни единици на работната или друга организација работат со различен број денови во седмицата односно со различен број часови работа во седмицата — се запишува бројот на работните денови односно седмичниот број часови на работната единица во која е запослен работникот за кој се испоставува потврдата;

3) во десниот горни агол на образецот се запишува местото, датумот и бројот под кој е заведена потврдата во деловодникот на работната или друга организација;

4) под насловот на образецот (за време од ——— до ———) се запишуваат датумите што го означуваат почетокот и завршетокот на периодот во кој работникот остварувал личен доход и надоместоци на личниот доход во изминатата календарска година односно во текуштата година, ако потврдата се доставува за текуштата година (член 33 ст. 5 и 6 од Правилникот за водење евиденции во областа на трудот);

5) ако работникот во текот на иста календарска година стапувал два или повеќе пати на работа во иста работна организација, потврдата се испоставува посебно за секој период;

6) во рубриката „Дневно работно време, полно — часови" — се запишува податокот од членот 30 под а) точка 8 на Правилникот за водење евиденции во областа на трудот, а кој се добива кога седмичниот број часови на работа на работникот (чл. 36 и 144 од Основниот закон за работните односи — „Службен лист на СФРЈ", бр. 17/65, 21/65 и 28/66) ќе се подели со седмичниот број на работните денови на работната организација односно работната единица во која е запослен работникот.

Во рубриката „Дневно работно време, неполно — часови" — се запишува податокот од ставот 1 на оваа одредба само за оние работници што работат на работните места за кои работната заедница предвидела работно време пократко од полното (член 40 од Основниот закон за работните односи);

7) рубриката „Инвалид на трудот" — се пополнува на тој начин што се прецртува зборот: „да" односно зборот: „не", а податокот за категоријата на инвалидноста се запишува врз основа на последното решение на комуналниот завод за социјално осигурување;

8) во рубриката „Можен број работни часови" — се запишува податокот од членот 30 под б) точка 1 од Правилникот за водење евиденции во областа на трудот, а кој се добива кога бројот на работните денови во периодот за кој се испоставува потврдата (земајќи го предвид седмичниот број на работните денови на работникот во работната организација односно во работната единица во која е вработен работникот) ќе се помножи со бројот на часовите запишани во рубриката „Дневно работно време";

9) во рубриката „Остварени часови во полно, неполно работно време" — се запишува вкупниот број на часовите што работникот ги остварил во периодот за кој се испоставува потврдата, од членот 30 под б) точка 2 од Правилникот за водење евиденции во областа на трудот.

До денот на почетокот на применувањето на Законот за измени и дополненија на Основниот закон за работните односи („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/66), т. е. до 20 јули 1966 година, во вкупниот број остварени часови од ставот 1 на оваа одредба се искажуваат и часовите на платено отсуство до 7 дена. Од денот на почетокот на применувањето на споменатиот закон часовите на платено отсуство до 7 дена се искажуваат во рубриката во која се искажуваат часовите за кои се прима надоместок на личниот доход од средствата на работната организација.

При запишувањето на бројот на остварените часови за работници што работат на работните места за кои е поради посебни услови на работата определено пократко работно време (член 37 од Основниот закон за работните односи) се земаат предвид часовите на полно работно време.

При запишувањето на бројот на остварените часови за работници што работеле со скратено работно време (член 39 од Основниот закон за работните односи и член 50 од Основниот закон за здравственото осигурување — „Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/62 и 53/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65 и 29/65) се зема предвид бројот на часовите што работникот ги остварил работејќи со скратено работно време;

10) во рубриката „Остварени часови во време подолго од полното работно време" — се запишува бројот на часовите од членот 30 под б) точка 3 на Правилникот за водење евиденции во областа на трудот, и тоа само тогаш кога тие часови се остварени под условите од членот 43 до 46 на Основниот закон за работните односи;

11) во рубриката „Неостварени часови, вкупно" — се запишува вкупниот број часови што работникот не ги поминал на работа во периодот за кој се испоставува потврдата (член 30 под б) точка 4 од Правилникот за водење евиденции во областа на трудот), без оглед на тоа дали за овие часови се прима или не надоместок на личниот доход.

Од денот на почетокот на применувањето на Законот за измени и дополненија на Основниот закон за работните односи во оваа рубрика се вклучуваат и часовите на платено отсуство до 7 дена.

Од денот на почетокот на применувањето на Законот за измени и дополненија на Основниот закон за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/65), т. е. од 1. август 1966 година, во оваа рубрика се искажуваат и часовите на неспособност — спреченост за работа до 3 дена;

12) рубриката „Податоци за работата на работникот на работите со наголемено траење" — се пополнува на тој начин што:

— во колоната „часови" — се запишува бројот на часовите за кои работникот во периодот за кој се испоставува потврдата бил распореден на работно место односно на работите чие вршење според прописите за пензиското осигурување се смета со наголемено траење (бенефициран стаж);

— во колоната „стопа на наголемувањето" — се запишува во вид на дропка стопата со која според одредбите од чл. 40 до 44 на Основниот закон за пензиското осигурување се наголемува бројот на часовите (на пример, 12/18, 12/16, 12/15) и називот на работата на која работел работникот (пилот, кесонец, јамски копач и сл.);

13) во рубриката „Вкупен износ на личниот доход остварен во полно, неполно и подолго од полното работно време" — се запишува вкупниот износ на аконтациите на личниот доход и личниот доход по периодичните пресметки што ги примил работникот во календарскиот период за кој се испоставува потврдата (член 30 под в) точка 1 од Правилникот за водење евиденции во областа на трудот).

За работници кај кои пензискиот основ се определува со примена на членот 2 ст. 1 и 2 од Основниот закон за личниот доход кој служи за утврдување на пензискиот основ и на основот за плаќање придонес за социјално осигурување на работниците („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/66), од остварениот износ на личниот доход не се одбиваат патните и други трошоци определени во согласност со општиот акт на работната или друга организација, туку износот на тие трошоци се искажува посебно во забелешката на крајот на образецот;

14) во рубриката „Износ на исплатениот боречки додаток" — се запишува вкупниот износ на боречкиот додаток што на работникот му е исплатен во времето за кое се испоставува потврдата (член 30 под г) од Правилникот за водење евиденции во областа на трудот);

15) рубриката „Надоместоци на личниот доход остварени во работната организација" — се пополнува на тој начин што:

— во подрубриката „основ" — се запишува износот кој ќе се добие кога утврдениот основ за надоместок на личниот доход по час ќе се помножи со бројот на часовите за кои се исплатува надоместокот. Ако осигуреникот во периодот за кој се поднесува потврдата остварувал надоместок на личниот доход повеќе пати со исти или различни основи, основите за секој надоместок пресметани на претходниот начин се собираат и збирот се запишува во подрубриката „основ";

— во подрубриката „часови" — се запишува вкупниот број часови за кои на работникот му е исплатен надоместок на личниот доход од средствата на работната организација. Од денот на почетокот на применувањето на Законот за измени и дополненија на Основниот закон за работните односи во овие часови се вклучуваат и часовите на платено отсуство до 7 дена. Од денот на почетокот на применувањето на Законот за измени и дополненија на Основниот закон за организацијата и фи-

нансирањето на социјалното осигурување во овие часови се вклучуваат и часовите на неспособност — спреченост за работа до 3 дена;

— во подрубриката „износ" — се запишува вкупниот износ на исплатените надоместоци на личниот доход за часовите од претходната подрубрика.

Рубриката се пополнува врз основа на податоците од членот 30 под б) точка 5 и под в) точка 2 на Правилникот за водење евиденции во областа на трудот;

16) рубриката „Надоместоци на личниот доход остварени од друга работна организација" — се пополнува на тој начин што:

— во подрубриката „часови" — се запишува вкупниот број на часовите што работникот не ги поминал на работа поради воена вежба, вршење граѓански должности, вршење јавни функции и др., а за кои според членот 83 од Основниот закон за работните односи се прима надоместок на личниот доход на товар на други органи или организации;

— во подрубриката „износ" — се запишува вкупниот износ на исплатениот надоместок на личниот доход за часовите од претходната подрубрика.

Рубриката се пополнува врз основа на податоците од членот 30 под б) точка 6 и под в) точка 3 на Правилникот за водење евиденции во областа на трудот;

17) рубриката „Надоместоци на личниот доход остварени според прописите за здравственото осигурување" — се пополнува на тој начин што:

— во подрубриката „основ" — се запишува износот кој ќе се добие кога утврдениот основ за надоместок на личниот доход по час ќе се помножи со бројот на часовите за кои се исплатува надоместокот. Ако осигуреникот во периодот за кој се поднесува потврдата остварувал надоместок на личниот доход повеќе пати со исти или различни основи, основите за секој надоместок пресметани на претходниот начин се собираат и збирот се запишува во подрубриката „основ";

— во подрубриката „часови" — се запишува вкупниот број часови на неспособност — спреченост за работа во траење до 30 дена. Од денот на почетокот на применувањето на Законот за измени и дополненија на Основниот закон за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување во оваа рубрика се искажува вкупниот број на часовите на неспособност — спреченост за работа во траење над 3 до 30 дена;

— во подрубриката „износ" — се запишува вкупниот износ на надоместоците на личниот доход исплатен за часовите искажани во претходната подрубрика;

18) како податок за личниот доход врз основа на годишната пресметка (завршната сметка) се запишува вкупниот нето износ на личниот доход што е утврден со завршната сметка на работната организација, а кој работникот го остварил во периодот за кој потврдата се испоставува по сите основи и мерила за распределба на личните доходи утврдени со општиот акт на работната организација работејќи во полно, неполно и подолго од полното работно време. Тука не се искажуваат надоместоците на личниот доход, боречкиот додаток, како ниту примањата според одредбите на членот 3 од Основниот закон за личниот доход кој служи за утврдување на пензискиот основ и на основот за плаќање придонес за социјално осигурување на работниците;

19) покрај податоците што се запишуваат во одделни рубрики на образецот, во соодветните случаи на крајот на образецот се запишуваат и посебни забелешки, и тоа:

а) за работник кој работел на сезонски работи се става забелешка:

„Работникот во периодот од ——— до ——— работел вкупно ——— часови работејќи дневно —— часови на сезонски работи. Часовите на работа над полното работно време се — не се третирани како посебен услов за работа. Работникот има — нема право да бара остварените часови да му се пресметаат на полно работно време.";

б) за мајка со дете над 8 месеци возраст што работела скратено работно време се става забелешка:

„Мајката со дете над 8 месеци возраст во периодот од ——— до ——— работела со скратено работно време од ——— часа дневно.";

в) за работник што имал и натурални примања што се засметуваат во личниот доход се става забелешка:

„Во износот на личниот доход искажан во потврдата не се засметани натуралните примања во износ од ——— динари што според одредбата на членот 3 точка 4 од Основниот закон за личниот доход кој служи за утврдување на пензискиот основ и на основот за плаќање придонес за социјално осигурување на работниците се засметуваат во личниот доход за утврдување на пензискиот основ во смисла на Законот ———————————.";

(да се наведе законот)

г) за работник на кој личниот доход кој служи за утврдување на пензискиот основ му се определува со примена на членот 2 ст. 1 и 2 од Основниот закон за личниот доход кој служи за утврдување на пензискиот основ и на основот за плаќање придонес за социјално осигурување на работниците се става забелешка:

„Во износот на личниот доход искажан во потврдата се засметани и патните и други трошоци во вкупен износ од ——— динари. Најголемиот личен доход во работната единица на работникот изнесуваше ——— динари по час.";

д) за работник на кој личниот доход кој служи за утврдување на пензискиот основ се определува со примена на членот 2 став 3 од Основниот закон за личниот доход кој служи за утврдување на пензискиот основ и на основот за плаќање придонес за социјално осигурување на работниците се става забелешка:

„За работа на работното место на работник за полниот број часови работа во работната организација на работникот му припаѓа личен доход во износ од ——— динари за периодот за кој се испоставува потврдата.";

ѓ) за работник кој бил спречен за работа во траење подолго од 30 дена се става забелешка:

„Во периодот од ——— до ——— работникот бил спречен за работа во траење подолго од 30 дена вкупно ——— часови.";

е) за работник кој во неостварените часови имал периоди кои според одредбите на членот 31 од Основниот закон за пензиското осигурување не се сметаат во стаж на осигурување се става забелешка:

„Во периодот од ——— до ——— работникот поминал ——— часови на неплатено отсуство подолго од 30 дена, ——— часови бил отстранет од работната организација подолго од 30 дена, ——— часови поминал во истражен затвор односно на издржување казна затвор во траење подолго од 30 дена.".

2. Работните и други организации што пред влегувањето во сила на ова упатство доставиле потврди за личниот доход и за времето за утврдување на стажот на осигурување за 1965 година, се должни на барање на надлежниот комунален завод за социјално осигурување овие потврди да ги дополнат и усогласат со одредбите на ова упатство.

3. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 2235
4 август 1966 година
Белград

Сојузен секретар за труд,
Ристо Цуков, с. р.

431.

Врз основа на членот 28 од Законот за царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65), сојузниот секретар за финансии издава

НАРЕДБА

ЗА УСЛОВИТЕ ПОД КОИ СЕ ВРШИ ВРАЌАЊЕ НА ЦАРИНАТА ПЛАТЕНА НА УВЕЗЕНИ РЕПРОДУКЦИОНИ МАТЕРИЈАЛИ И ДЕЛОВИ ЗА ВГРАДУВАЊЕ, УПОТРЕБЕНИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА СТОКИ ШТО СЕ ИЗВЕЗУВААТ

1. Враќањето на царина платена на увезени репродукциони материјали и делови за вградување, што се употребени за производство на стоки што се извезуваат, царинарниците ќе го вршат под условите определени со оваа наредба.

2. Враќањето на царината од точката 1 на оваа наредба царинарниците ќе го вршат во износ кој претставува разлика помеѓу царината платена на увезените репродукциони материјали и делови за вградување и износот добиен со примена на стопа од 12% врз царинската основица на која е платена царината за тие репродукциони материјали и делови.

3. Враќањето на царината од точката 1 на оваа наредба нема да се врши ако стоките се извезуваат во земјите или подрачјата за кои Народната банка на Југославија, во смисла на членот 97а од Законот за девизното работење и за платниот промет со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65 и 35/65), определува посебен начин и услови за пресметување.

4. При увозот на репродукциони материјали и делови за вградување, подносителот на декларацијата мора да означи на декларацијата дека враќање на царината платена на увезените репродукциони материјали и делови за вградување ќе бара по извршениот извоз на стоките за чие производство се употребени тие репродукциони материјали или тие делови за вградување.

Поднесителот на декларацијата мора во пријавата за увоз на стоки во колоната „забелешка" да го назначи видот и количината на извезените репродукциони материјали и делови за вградување што ќе се употребат за производство на стоки за извоз, како и видот и количината на стоките што ќе се извезат.

5. Барањето за враќање на царината го поднесува стопанската организација што е во увозните исправи означена како корисник на увезените репродукциони материјали и делови за вградување.

Барањето од ставот 1 на оваа точка може да се поднесе во рок од една година од денот кога е платена царината.

Барањето за враќање на царината ѝ се поднесува на царинарницата кај која е платена царината на увезените репродукциони материјали и делови за вградување.

6. Кон барањето за враќање на царината се поднесува:

1) увозната декларација, извозната декларација, пријава за увоз на репродукциони материјали и делови за вградување и пријава за извоз на стоки за чие производство се употребени увезените репродукциони материјали и делови за вградување;

2) пресметка на потрошокот на увезените репродукциони материјали и делови за вградување, со назначување на нормативите и други податоци за нивната употреба за производство на стоките што се извезуваат.

Пресметката на потрошокот мора да биде заверена од царинарницата што го извршила извозното царинење.

7. Пресметката на потрошокот на увезените репродукциони материјали и делови за вградување, со назначување на нормативите и другите податоци за нивната употреба за производство на стоки што се извезуваат, ѝ се поднесува на заверка на онаа царинарница што го врши извозното царинење, заедно со другите исправи потребни за царинење на стоки при извоз. Таа царинарница проверува дали пресметката се слага со фактичната состојба на стоките што се извезуваат, става за тоа забелешка на самата пресметка и му ја враќа на подносителот на извозната декларација.

Ако извозното царинење се врши кај царинарница кај која не било извршено увозно царинење на репродукционите материјали и деловите за вградување, кон извозната декларација се прилага и увозната декларација и другите исправи врз основа на кои е извршено увозното царинење на репродукционите материјали и деловите за вградување, ако тоа го оцени царинарницата како потребно.

8. На репродукционите материјали и деловите за вградување што се увезени од 26 јули 1965 година до денот на влегувањето во сила на оваа наредба нема да се применуваат одредбите од точката 4 од оваа наредба туку враќање на царината ќе се врши врз основа на исправите со кои се докажува дека увезените репродукциони материјали и делови за вградување се употребени за производство на стоките што се извезени.

9. Со денот на влегувањето во сила на оваа наредба, престанува да важи Наредбата за условите под кои се врши враќање на царината платена на увезените текстилни ткаенини и други материјали употребени за производство на облека и преслека што ќе се извезат („Службен лист на СФРЈ", бр. 4/66).

10. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3-4-8912/1
23 јули 1966 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
Киро Глигоров, с. р.

432.

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ГОТОВА КОЖА

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Методи за испитување готова кожа:

Динамично испитување на пропустливоста на вода за горна кожа	JUS G.S2.036
Динамично испитување на пропустливоста на вода за фонска кожа	JUS G.S2.037
Определување на температурата на збчканоста и степенот на збрчканоста — — — — — — — —	JUS G.S2.037

2. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 јули 1967 година.

Бр. 24-4890/1
22 јули 1966 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
Славољуб Виторовиќ, с. р.

По извршеното споредување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Одлуката за определување на електростопанските претпријатија што имаат право на надоместок на разликата помеѓу нивната калкулативна цена и пропишаната највисока продажна цена за електрична енергија, како и за определување износот на таа разлика, објавен во „Службен лист на СФРЈ", бр. 25/66, се поткрадната долу наведената грешка, та се дава

ИСПРАВКА

НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОСТОПАНСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ШТО ИМААТ ПРАВО НА НАДОМЕСТОК НА РАЗЛИКАТА ПОМЕЃУ НИВНАТА КАЛКУЛАТИВНА ЦЕНА И ПРОПИШАНАТА НАЈВИСОКА ПРОДОЖНА ЦЕНА ЗА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, КАКО И ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ИЗНОСОТ НА ТАА РАЗЛИКА

Во точката 3 под 1 во алинејата 3 наместо бројот: „0,078" треба да стои бројот: „0,0078".

Со денот на објавувањето на оваа исправка престанува да важи Исправката на Одлуката за определување на електростопанските претпријатија што имаат право на надоместок на разликата помеѓу нивната калкулативна цена и пропишаната највисока продажна цена за електрична енергија, како и за определување износот на таа разлика („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/66).

Од сојузниот извршен совет, Белград, 4 јули 1966 година.

По извршеното споредување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Правилникот за нормите на квалитетот за одделни видови земјоделско семе и другите услови за пуштање семе во промет и за единствената метода за вршење анализа на земјоделско семе, објавен во „Службен лист на СФРЈ", бр. 25/66, се поткрадната долу наведената грешка, та се дава

ИСПРАВКА

НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НОРМИТЕ НА КВАЛИТЕТОТ ЗА ОДДЕЛНИ ВИДОВИ ЗЕМЈОДЕЛСКО СЕМЕ И ДРУГИТЕ УСЛОВИ ЗА ПУШТАЊЕ СЕМЕ ВО ПРОМЕТ И ЗА ЕДИНСТВЕНАТА МЕТОДА ЗА ВРШЕЊЕ АНАЛИЗА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО СЕМЕ

Во главата V од Единствената метода за вршење анализа на земјоделско семе во одделот „Постапка при испитување" во ставот 3 наместо текстот: „Времето на сушењето се смета од моментот кога посатката со семето е внесена во сушилницата па до моментот кога во сушилницата повторно е постигната температура од + 130° С односно + 105° С" треба да стои текстот: „Времето на сушењето се смета по внесување на посатката со семе во сушилница од моментот кога во сушилницата е повторно постигната температура од + 130° С односно + 105° С".

Од Сојузниот секретаријат за земјоделство и шумарство, Белград, 25 јули 1966 година.

СОДРЖИНА:

Страна

419. Уредба за условите за издавање визи 653
420. Одлука за отворање конзулат на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Рејкјавик во Република Исланд — — — — — — — — — 653
421. Одлука за минималните откупни цени за грозје — — — — — — — — 654
422. Одлука за условите што деловните банки мораат да ги исполнуваат за вршење девизни работи — — — — — — — 654
423. Одлука за мерилата за утврдување кои стопански организации се сметаат како претежни извозници — — — — — 654
424. Одлука за утврдување на делот на девизите што работните организации можат да ги користат во смисла на чл. 16 и 17 од Законот за девизното работење — — 655
425. Одлука за минимумот на средства со кој одделни стопански организации мораат да располагаат за вршење надворешнотрговски промет — — — — — — 656
426. Одлука за височината на делот од амортизацијата до кој работните организации можат да купуваат девизи за плаќање на опрема и резервни делови — — — 658
427. Одлука за обврска за остварување определен обем на надворешнотрговски промет — — — — — — — — — — 658
428. Правилник за заштитата при работата со уреди за натовар и истовар на товари на поморските бродови и пловилата за внатрешна пловидба — — — — — 659
429. Правилник за дополненија на Правилникот за водење евиденции во областа на трудот — — — — — — — — 663
430. Упатство за пополнување на потврдата за личниот доход и за времето за утврдување на стажот на осигурување — — 664
431. Наредба за условите под кои се врши враќање на царината платена на увезени репродукциони материјали и делови за вградување, употребени за производство на стоки што се извезуваат — — — — 667
432. Решение за југословенските стандарди за испитување на готова кожа — — — 667

Исправка на Одлуката за определување на електростопанските претпријатија што имаат право на надоместок на разликата помеѓу нивната калкулативна цена и пропишаната највисока продажна цена за електрична енергија, како и за определување износот на таа разлика — — 668

Исправка на Правилникот за нормите на квалитетот за одделни видови земјоделско семе и другите услови за пуштање семе во промет и за единствената метода за вршење анализа на земјоделско семе — 668

Издава Новинска установа „Службен лист на СФРЈ", Белград, Јована Ристића 1. Пошт. фах 226. — Директор и одговорен уредник Љубодраг Гурић, Улица Јована Ристића бр. 1. — Печат за Белградскиот графички завод, Белград